# ЗАКОН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО БАТЕРИИ И АКУМУЛАТОРИ И ОТПАДНИ БАТЕРИИ И АКУМУЛАТОРИ (*)

Службен В. на Р.М. бр: 176/2021 од 03.08.2021

Влегува во сила на: 11.08.2021

Измени Сл.В. на Р.М.: 3/2025;

Извор: СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Поврзани Eur-Lex акти

Directive 2006/66/EC of the European Parliament and of the Council of 6 September 2006 on batteries and accumulators and waste batteries and accumulators and repealing Directive 91/157/EEC (Text with EEA relevance)
Form: Directive, CELEX: 32006L0066

Directive 2008/12/EC of the European Parliament and of the Council of 11 March 2008 amending Directive 2006/66/EC on batteries and accumulators and waste batteries and accumulators, as regards the implementing powers conferred on the Commission
Form: Directive, CELEX: 32008L0012

Directive 2008/103/EC of the European Parliament and of the Council of 19 November 2008 amending Directive 2006/66/EC on batteries and accumulators and waste batteries and accumulators as regards placing batteries and accumulators on the market (Text with EEA relevance)
Form: Directive, CELEX: 32008L0103

Directive 2013/56/EU of the European Parliament and of the Council of 20 November 2013 amending Directive 2006/66/EC of the European Parliament and of the Council on batteries and accumulators and waste batteries and accumulators as regards the placing on the market of portable batteries and accumulators containing cadmium intended for use in cordless power tools, and of button cells with low mercury content, and repealing Commission Decision 2009/603/EC Text with EEA relevance
Form: Directive, CELEX: 32013L0056

**Консолидиран текст - актуелен**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО ОБЛАСТА НА ОДБРАНАТА И БЕЗБЕДНОСТА (*)

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста (*), што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 29 јули 2021 година.
Бр. 08-3608/1 29 јули 2021 година Скопје Претседател на Република Северна Македонија, Стево Пендаровски, с.р.
Претседател на Собранието на Република Северна Македонија, м-р Talat Xhaferi, с.р.

## ЗАКОН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО БАТЕРИИ И АКУМУЛАТОРИ И ОТПАДНИ БАТЕРИИ И АКУМУЛАТОРИ (*)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на уредување

### Член 1

Со овој закон се уредуваат барањата за заштита на животната средина и здравјето на луѓето што треба да се исполнат при производство и пуштање на пазар на батерии и акумулатори, како и при постапување со отпадните батерии и акумулатори, кои се однесуваат на обврските на економските оператори и другите субјекти кои учествуваат во процесот на производство и пуштање на пазар на батерии и акумулатори, посебните барања за собирање, преработка и рециклирање, како и другите услови за постапување со отпадни батерии и акумулатори, известување за постигнување на целите за собирање, преработка и рециклирање на отпадните батерии и акумулатори и економските инструменти.

**

* Со овој закон се врши усогласување со Директивата на Европскиот Парламент и на Советот од 6 септември 2006 година (2006/66/ЕЗ) за батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори и за укинување на Директивата 91/157/ЕЕЗ, (CELEX бр. 32006L0066), Директива 2008/12/ЕЗ на Европскиот Парламент и на Советот од 11 март 2008 година за изменување на Директивата 2006/66/ЕЗ за батерии и акумулатори и искористени батерии и акумулатори во однос на овластувањата за спроведување доделени на Комисијата (CELEX бр. 32008L0012), Директива (ЕЗ) 2008/103/ЕЗ на Европскиот Парламент и на Советот од 19 ноември 2008 година за батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори во однос на пласирање на батерии и акумулатори на пазарот (CELEX бр. 32008L0103), Директива 2013/56/ЕЗ на Европскиот Парламент и на Советот од 20 ноември 2013 година за изменување на Директивата 2006/66/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот за батерии и акумулатори и за отпадни батерии и акумулатори во однос на пласирањето на пазарот на преносливи батерии и акумулатори кои содржат кадмиум и се наменети за употреба во безжични електрични алати, како и батерии во форма на копче со ниска содржина на жива и за укинување на Одлуката 2009/603/ЕЗ на Комисијата (CELEX бр. 32013L0056)
**

### Супсидијарна примена на други закони

### Член 2

(1) На прашањата кои се поврзани со одредбите за начинот на управување со опасен отпад, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за управување со отпадот, доколку со овој закон поинаку не е уредено.
(2) За регулирање на прашањата во врска со пристап до информации кои се однесуваат на животната средина, учеството на јавноста во донесување на одлуки, оцена на влијанието од определени стратегии, планови и програми врз животната средина, оцена на влијанието на определени проекти врз животната средина, соодветно се применуваат одредбите од Законот за животната средина, доколку со овој закон поинаку не е уредено.
(3) За регулирање на прашањата за организирање на производителите во колективни и самостојни системи за спроведување на проширената одговорност на производителот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори, соодветно се применуваат одредбите од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад.
(4) На постапките утврдени со овој закон, соодветно се применуваат одредбите од Законот за општата управна

постапка, доколку со овој закон поинаку не е уредено.
(5) Примената на одредбите од овој закон не ја исклучува примената на прописите за безбедност, здравје, хигиена, санитарна заштита како и прописите од областа на управување со отпадот.

## Цели на Законот

## Член 3

(1) Основни цели на овој закон се:
- намалување до најмало можно ниво на негативното влијание на батериите и акумулаторите и отпадните батерии и акумулатори врз животната средина и здравјето на луѓето и
- унапредување на стандардите за заштита на животната средина од страна на економските оператори вклучени во текот на животниот циклус на батерии и акумулатори, особено вклучените во процесот на третман и рециклирање на отпадните батерии и акумулатори.
(2) Покрај основните цели од ставот (1) од овој член, во согласност со начелата од член 4 на овој закон, треба да се постигнат и следните цели:
- да се спречи создавањето на отпадни батерии и акумулатори,
- да се намали количеството на опасни супстанции во батериите и акумулаторите, и со тоа да се намали токсичноста на отпадот од батерии и акумулатори,
- да се постигне високо ниво на рециклирање и други видови на преработка на отпадните батерии и акумулатори, како и намалување на депонирањето на отпадните батерии и акумулатори,
- обезбедување на сеопфатен систем за управување со отпадни батерии и акумулатори (враќање, собирање, третман и рециклирање на отпадните батерии и акумулатори),
- зголемување до најголема можна мера на одделното собирање на отпадните батерии и акумулатори и спречување на отстранувањето на отпадните батерии и акумулатори како дел од комуналниот отпад, со цел да се постигне висок степен на нивна преработка,
- обезбедување на услови за развој на пазарот за рециклирање и други начини на преработка на отпадни батерии и акумулатори,
- обезбедување на еднаква положба на пазарот за домашните и странските правни и физички лица, како и избегнување на трговски бариери кои можат да ја нарушат конкуренцијата и
- поттикнување на користењето на најдобрите достапни техники и технологии за преработка и рециклирање на отпадните батерии и акумулатори.

## Начела

## Член 4

(1) Во согласност со целите за долгорочна заштита на животната средина и постигнување на циркуларна економија, управувањето со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори се заснова на:
1) "начелото на одговорност на производителот", според кое производителот на батерии и акумулатори кој при вршење на својата дејност создава или придонесува кон создавање на отпадни батерии и акумулатори, е одговорен за преземање на мерки за управување со отпадните батерии и акумулатори, со цел да се елиминира или намали до крајна можна мера негативното влијание врз животната средина кое настанува како резултат на отпадните батерии и акумулатори создадени од неговата дејност, вклучувајќи создавање на услови за остварување на висок степен на одделно собирање, рециклирање и друг начин на преработка на отпадните батерии и акумулатори и
2) "начелото на процена на животниот циклус на производот", според кое производителот на батерии и акумулатори е должен да изврши процена на животниот циклус на батериите и акумулаторите на начин со кој ќе се подобрат еколошките перформанси на батериите и акумулаторите, ќе се исклучи или намали присуството на опасни супстанции во нив согласно со научно-техничките достигнувања, како и дизајнирање на батериите и акумулаторите на таков начин што ќе придонесе кон намалување на вкупниот обем на отпадни батерии и акумулатори, со цел за да се спречат негативните влијанија врз животната средина.
(2) Во управувањето со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори, покрај начелата од ставот (1) на овој член, соодветно ќе се применуваат и начелата утврдени во Законот за животната средина, Законот за управување со отпадот и Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад.

## Примена на Законот

## Член 5

(1) Одредбите од овој закон се применуваат на сите видови батерии и акумулатори, без разлика на нивната форма, зафатнина, тежина, материјалот од кој се составени или намената за користење, како и независно дали истите се или не се вградени во уред или возило.
(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, одредбите на овој закон не се применуваат на батериите и акумулаторите кои се користат во:
- опрема која е наменета за користење во одбраната, оружјето, муницијата и воениот материјал, со исклучок на производите кои не се наменети за конкретни воени цели и
- опрема наменета за испраќање во вселената.
(3) Во постапувањето со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори, покрај одредбите на овој закон соодветно ќе се применуваат и одредбите на прописите кои го уредуваат управувањето со искористени возила и прописите за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема.
(4) Сите мерки, стандарди и цели кои се утврдени со овој закон се применуваат како минимални барања коишто треба да се исполнат при управувањето со батериите и акумулаторите и отпадни батерии и акумулатори.
(5) Доколку со друг закон се утврдени построги мерки и стандарди за животната средина, при управувањето со батериите и акумулаторите се применуваат построгите мерки и стандарди со цел заштита на животната средина и постигнување на целите на животната средина.

## Дефиниции

## Член 6

(1) Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:
1) "Батерија или акумулатор" е секој извор на електрична енергија создадена со директно претворање на хемиската енергија, кој содржи една или повеќе примарни батериски ќелии (кои не можат повторно да се полнат), или содржи една или повеќе секундарни батериски ќелии (кои можат повторно да се полнат);
2) "Батериско пакување" е секој комплет батерии или акумулатори кои се меѓусебно поврзани и/или затворени во вид на капсула во надворешна обвивка сочинувајќи целосна единица која не е наменета за разделување или за отворање од страна на крајниот корисник;
3) "Преносна батерија или акумулатор" е секоја батерија, батерија во форма на копче, батериско пакување или акумулатор кои:
а) се запечатени;
б) можат да се носат во рака и
в) не се индустриски батерии, ниту индустриски акумулатори ниту пак, автомобилски батерии или акумулатори;
4) "Батерија во форма на копче" е секоја мала кружна преносна батерија или акумулатор, чиј пречник е поголем од нејзината висина и која се користи за посебни намени како на пример: за апарати за слушање, часовници, мала пренослива опрема и за резервна енергија;
5) "Автомобилска батерија или акумулатор" е секоја батерија или акумулатор која се користи како уред за стартување, осветлување или моќност за палење на автомобилот;
6) "Индустриска батерија или индустриски акумулатор" е секоја батерија или акумулатор исклучително наменет за индустриско или за професионално користење или се користи во кој било вид на електрично возило;
7) "Отпадна батерија или акумулатор" е секоја батерија или акумулатор која се смета за отпад согласно со дефиницијата за отпад пропишана со Законот за управување со отпадот;
8) "Уред" е која било електрична или електронска опрема дефинирана согласно Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема, која целосно или делумно се напојува со батерии или акумулатори, или е конструирана да може да се напојува;
9) "Пуштање на пазар" е снабдување или ставање на располагање батерии и акумулатори, било со плаќање или бесплатно, на трето лице во Република Северна Македонија, вклучувајќи го и увозот на батерии и акумулатори на територијата на Република Северна Македонија;
10) "Економски оператори" се правните или физичките лица кои при вршењето на својата дејност за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори, спаѓаат во категориите на производители, трговци, поседувачи, собирачи или субјекти кои вршат рециклирање или преработка на отпадни батерии и акумулатори и тоа:
а) "производител" е правно или физичко лице, кое за прв пат пушта на пазар во Република Северна Македонија батерии и акумулатори, вклучувајќи и такви кои се вградени во уреди или возила, како своја дејност, без оглед на продажната техника која се користи, вклучувајќи ја и продажбата со далечинско комуницирање. Во смисла на овој закон, како производител се смета и правно или физичко лице кое увезува батерии и акумулатори за своја потреба без посредник;
б) "трговец" е правно или физичко лице кое на професионална основа обезбедува снабдување на батерии и акумулатори за крајните корисници;
в) "поседувач" е правно или физичко лице кое со вршењето на својата дејност постојано или привремено создава и/или поседува отпадни батерии и акумулатори (како на пример трговец, сервиси, сервиси за возила, механичарски

работилници, сервиси на електрична и електронска опрема и слично). Како поседувач, во смисла на овој закон не се сметаат граѓаните или домаќинствата;
г) "краен корисник" е потрошувач кој како правно или физичко лице, поради крајна употреба или користење на друг производ, при вршењето на својата дејност, користи батерии и акумулатори и по нивното истрошување создава отпадни батерии и акумулатори во своите простории и/или во уредите кои тој ги има во владение. Како краен корисник ќе се смета поседувачот или трговецот кој заради свои потреби увезол батерии и акумулатори без посредник и
д) "мал производител" е правно или физичко лице кое пушта на пазар во Република Северна Македонија, батерии и акумулатори во количини не поголеми од утврдените во членот 24 од овој закон;
11) "Национална цел за собирање" е процент во дадена календарска година, кој се добива со делење на тежината на отпадните преносни батерии и акумулатори собрани во согласност со овој закон или Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема во таа календарска година, со просечната тежина на преносните батерии и акумулатори, кои производителот директно им ги продава на крајните корисници и/или ги испорачува на трети лица, кои ги продаваат на крајните корисници во тековната календарска година. Просечната тежина се пресметува како просек од тековната и претходните две календарски години;
12) "Посебна цел за собирање" е процент во дадена календарска година која треба да ја постигнат производителите преку колективните односно самостојните постапувачи заради исполнување на својот удел во постигнувањето на националните цели за собирање на Република Северна Македонија;
13) "Орган за животна средина" е органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, односно Министерството за животна средина и просторно планирање;
14) "Стручен орган" е Управата за животна средина, орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање формиран согласно со Законот за животната средина, и
15) "Доброволен договор" е формален договор кој има извршни клаузули склучен меѓу организациите кои застапуваат одредени интереси на економски оператори и групи на економски оператори опфатени со овој закон од една страна, и органот за животна средина или Владата на Република Северна Македонија од друга страна, со цел да се постигнат повисоки цели од целите пропишани во овој закон, кој е отворен за пристапување за сите правни и физички лица кои сакаат да ги исполнат условите утврдени во договорот.
(2) За потребите на овој закон, соодветно ќе се применуваат дефинициите од Законот за управување со отпадот за изразите употребени во овој закон, а кои се однесуваат на отпад, управување со отпад, собирање, одделно собирање, спречување, повторна употреба, преработка, обновување, рециклирање, отстранување и увоз на отпад.
(3) За потребите на овој закон, соодветно ќе се применуваат дефинициите од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад, а кои се однесуваат на изразите за проширена одговорност на производителот, колективен постапувач и самостоен постапувач.

### Пуштање на пазар на батерии и акумулатори

### Член 7

(1) Батерии или акумулатори може да се пуштат на пазар на територијата на Република Северна Македонија ако истите ги исполнуваат основните барања утврдени со овој закон.
(2) Со примената на овој закон, не може да се наметне забрана или ограничување за пуштање на пазар во Република Северна Македонија на батерии и акумулатори кои ги исполнуваат барањата од ставот (1) на овој член.

## II. БАРАЊА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

### Член 8

Забрана за предавање на отпадни батерии и акумулатори како несортиран отпад Забрането е отпадните батерии и акумулатори да се оставаат или предаваат на места означени за собирање на комунален отпад како несортиран комунален отпад од домаќинствата.

### Забрана за присуство на тешки метали во батериите и акумулаторите

### Член 9

(1) Во Република Северна Македонија се забранува пуштање на пазар на:
а) сите батерии или акумулатори, без оглед на тоа дали се вградени во уреди, кои содржат повеќе од 0,0005 % жива од тежината и
б) преносни батерии или акумулатори, вклучувајќи ги и оние кои се вградени во уреди, кои содржат повеќе од 0,002 % кадмиум од тежината.
(2) Забраната од ставот (1) точка б) на овој член не се применува на преносните батерии и акумулатори наменети за

употреба во:
а) системи за итни случаи и системи за тревожење, вклучувајќи и осветлување во итни случаи и
б) медицинската опрема.

### Забрана за депонирање и горење на отпадни батерии и акумулатори

### Член 10

(1) Се забранува отстранување на отпадните индустриски и автомобилски батерии и акумулатори преку депонирање.
(2) Се забранува секакво горење на отпадни индустриски и автомобилски батерии и акумулатори.
(3) Остатоците од кои било батерии и акумулатори, кои поминале низ операции на преработка и рециклирање согласно овој закон и прописите за управување со отпадот, може да се отстранат со депонирање или со постапка за горење согласно со прописите за управување со отпадот.

## III. ОБВРСКИ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ

### Регистрација на производители

### Член 11

(1) Производителите кои за прв пат пуштаат на пазар или увезуваат како крајни корисници батерии и акумулатори во Република Северна Македонија, се обврзани да се регистрираат кај стручниот орган, во согласност со начинот и постапката утврдени во прописите за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад.
(2) Производителот кој не е регистриран во Република Северна Македонија, а кој пушта на пазарот во Република Северна Македонија батерии и акумулатори преку комуникација од далечина (е-трговија), обврските кои произлегуваат од овој закон ги извршува преку назначување на овластен застапник, согласно прописите за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад.

### Водење евиденција и известување

### Член 12

(1) Производителот е должен да води евиденција по категории во килограми за количеството на батерии и акумулатори, коишто за прв пат ги пуштил на пазар во Република Северна Македонија во пишана и електронска форма.
(2) Производителот до стручниот орган, најдоцна до 31 март во тековната година, доставува годишен извештај за видот и количината на батерии и акумулатори што ги пуштил на пазарот во Република Северна Македонија во претходната година, на образец за годишен извештај за батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори во пишана и електронска форма.
(3) Производителот за секој вид на батерија и акумулатор што ги пушта на пазар изготвува производствена спецификација која содржи информација за тежината на батеријата и акумулаторот.
(4) Производителот врз основа на производствената спецификација од ставот (3) на овој член, води месечна и годишна евиденција за вкупното количество на батерии и акумулатори кои ги пуштил на пазарот во Република Северна Македонија.
(5) Производителот води и евиденција за количините на отпадни батерии и акумулатори кои се примени назад со повратен прием согласно член 17 од овој закон, по категорија, во дадена година и со идентификациони и транспортни формулари за предадените отпадни батерии и акумулатори на собирачи или рециклатори, согласно со прописите за управување со отпад.
(6) Податоците од евиденцијата од ставот (1) на овој член, производителот е должен да ги чува седум години сметано од крајот на календарската година за која се однесуваат.
(7) Производителот кој има склучен договор со колективен постапувач согласно прописите за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад, обврската од овој член ја реализира преку колективниот постапувач.

### Означување на батерии и акумулатори

### Член 13

(1) Производителот е должен сите батерии и акумулатори, како и батериските пакувања кои ги пушта на пазарот во Република Северна Македонија, соодветно да ги означува со посебен симбол кој прикажува обврска за одделно собирање на отпадните батерии и акумулатори, на видлив, читлив и на неизбришлив начин.
(2) Преносните и автомобилските батерии и акумулатори, производителот е должен да ги означи на видлив, читлив и на

неизбришлив начин, наведувајќи и податоци за капацитетот на истите.
(3) Производителот е должен, батериите, акумулаторите и батериите во форма на копче кои содржат повеќе од 0,0005% жива, повеќе од 0,002% кадмиум или повеќе од 0,004% олово, да ги означи и со хемискиот симбол на односниот метал: Hg, Cd или Pb. Симболот кој ја покажува содржината на тешки метали се печати под симболот определен во став (1) од овој член, и покрива површина од најмалку четвртина од големината на симболот.
(4) Начинот на означување на батериите и акумулаторите и на батериските пакувања, формата и содржината на симболите од ставовите (1) и (3) на овој член, како и начинот на утврдување на капацитетот од ставот (2) на овој член, ги пропишува министерот кој раководи со органот за животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на економијата и трудот.
(5) Доколку ознаката од ставот (1) на овој член не може да биде втисната на самата батерија, заради големината или нејзината специфична употреба, истата се става на пакувањето или во упатството за употреба на производот.
(6) Министерот кој раководи со органот за животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на економијата и трудот, врз основа на посебно барање од производителот, може да одобри исклучоци од означувањето на батериите и акумулаторите од став (3) на овој член, доколку од технички причини не е можно да се отпечати на истите или во случај кога батериите и акумулаторите се пуштаат на пазар за единствена намена и за чие отстранување важат посебни барања за отстранување кои се поврзани со намената.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 11.01.2025 >>*

## Подобрени еколошки перформанси

## Член 14

(1) Во Република Северна Македонија треба да се пуштат на пазар батерии и акумулатори со добри севкупни еколошки перформанси во севкупниот животен циклус на производот.
(2) За потребите од ставот (1) на овој член, производителите треба постојано да истражуваат и да се грижат за подобрување на еколошките перформанси на батериите и акумулаторите кои ги произведуваат и пуштат на пазар, се со цел намалување на количествата на опасни супстанции при производството на батерии и акумулатори, како и намалување на содржината на загадувачките супстанции, а особено замена на живата, кадмиумот и оловото.

## Обврски за олеснето отстранување

## Член 15

(1) Производителите на уреди, кои работат на батерии или акумулатори, се должни да ги дизајнираат уредите, на начин на кој крајниот корисник ќе може лесно да ги отстрани отпадните батерии и акумулатори од уредот.
(2) Доколку не е предвидено отпадните батерии и акумулатори од ставот (1) на овој член, да се отстранат од страна на крајниот корисник, производителот на уреди кои работат на батерии или акумулатори, треба да ги дизајнира уредите на начин со кој ќе се овозможи отпадните батерии и акумулатори да може лесно да се отстранат од страна на квалификувани лица кои не се претставници на производителот.
(3) За уредите во кои се вградени батерии и акумулатори, производителот задолжително приложува упатство, во кое се прикажува начинот на безбедно отстранување на отпадните батерии и акумулатори и доколку е потребно, го информира крајниот корисник за видот на вградени батерии и акумулатори.
(4) Одредбите од ставовите (1), (2) и (3) од овој член, не се применуваат доколку поради безбедносни, оперативни или медицински причини или интегритет на податоците е потребно постојана поврзаност на уредот со батеријата или акумулаторот заради негово постојано снабдување со енергија.

## Увоз на батерии и акумулатори

## Член 16

(1) Царинскиот орган нема да дозволи увоз на батерии и акумулатори без производителот да достави потврда за регистрација и регистрациски број добиени согласно Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад.
(2) Царинскиот орган ќе го забрани увозот на батерии и акумулатори доколку батериите и акумулаторите не ги исполнуваат барањата утврдени во член 9 на овој закон.
(3) Доколку производителот увезува употребени батерии и акумулатори во Република Северна Македонија, на увозот на истите ќе се применуваат одредбите од овој закон како да станува збор за увоз на нови производи.

## Обврска на производителот за повратен прием

### Член 17

(1) Производителот при продажба на батерии и акумулатори, е должен бесплатно да ги преземе отпадните батерии и акумулатори од крајниот корисник и трговецот (обврска за повратен прием на батерии и акумулатори).
(2) Производителот треба да ги прими преносните отпадни батерии и акумулатори од крајните корисници, и притоа не смее за возврат да бара купување на нови батерии и/или акумулатори или да побара надомест за повратниот прием.
(3) Производителот на индустриски и автомобилски батерии и акумулатори, како и трети лица кои дејствуваат во негово име, бесплатно треба да ги прими отпадните индустриски и автомобилски батерии и акумулатори од крајните корисници, независно од нивниот хемиски состав и потекло. Обврската за повратен прием на производителот не подразбира обврска за крајниот корисник да купи нова батерија или акумулатор.
(4) По исклучок на ставот (3) од овој член, со договорот за купопродажба склучен помеѓу производителот и/или трговецот и крајниот корисник може да се воспостави друг начин за враќање на индустриските и автомобилските батерии и акумулатори, само доколку, истиот не е во спротивност со одредбите на овој закон.
(5) Производителот не мора да поседува дозвола за управување со отпад за локациите за повратен прием или за собраните батерии и акумулатори во своите простории, но е должен да ги исполни барањата за чување на отпадни батерии и акумулатори согласно овој закон.
(6) Производителот е должен да ги предаде отпадните батерии и акумулатори без да ги модифицира истите, на овластен собирач или правно лице кое поседува соодветна дозвола за рециклирање кој претставува дел од самостоен или колективен систем за постапување со батерии и акумулатори воспоставен согласно прописите за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад.
(7) Отпадните батерии и акумулатори преземени од производителот преку обврската за повратен прием, се пресметуваат во националните цели за собирање од членот 18 од овој закон.
(8) Производителот може да презема активности со кои ќе ги поттикне крајните корисници да ги враќаат отпадните батерии и акумулатори, како што се нудење попусти при купување на нови производи, или друг вид поттикнувачки мерки, со цел зголемено собирање на отпадните батерии и акумулатори.
(9) Обврската за повратен прием не може да биде пренесена од производителот на друго правно лице, освен на овластениот застапник на производителот од членот 11 став (2) од овој закон.

## Национални цели за собирање

### Член 18

(1) На територијата на Република Северна Македонија, до 31 декември 2025 година, треба да се постигнат следните национални цели за собирање:
а) годишно да се соберат минимум 45% од тежината на преносните батерии и акумулатори што се пуштени на пазарот на територијата на Република Северна Македонија и
б) годишно да се соберат минимум 85% од тежината на автомобилски и индустриски батерии и акумулатори што се пуштени на пазарот на територијата на Република Северна Македонија.
(2) Заради постепено постигнување на целите од ставот (1) на овој член, министерот кој раководи со органот за животна средина утврдува годишни цели за собирање во согласност со планските документи усвоени врз основа на прописите за управување со отпад, најдоцна до 15 декември во тековната година.
(3) Годишните цели од ставот (2) на овој член, се однесуваат на просечното количество на батерии и акумулатори што се пуштени на пазар во тековната календарска година и во претходните две календарски години од страна на сите производители.
(4) Просечното количество на батерии и акумулатори од ставот (3) на овој член се утврдува од страна на стручниот орган согласно со прописите за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад.
(5) Секој производител е должен да учествува во постигнувањето на националните цели за собирање во тековната година со количина која е најмалку еднаква на односот на неговиот удел во вкупната просечна количина на батерии и акумулатори што се пуштени на пазарот во Република Северна Македонија во тековната календарска година и во претходните две календарски години.
(6) Извезените количества на преносни батерии и акумулатори од територијата на Република Северна Македонија нема да се пресметуваат во целите за собирање од ставот
(1) на овој член.
(7) Производителот е должен секоја година до 31 јануари да ги утврди своите годишни цели за собирање во килограми за претходната година.
(8) Стручниот орган ја следи реализацијата на стапките на собирање на годишно ниво врз основа на податоците

добиени од производителите.
(9) Министерот кој раководи со органот за животната средина го пропишува начинот на следење и пресметка на реализацијата на стапките за собирање на отпадни батерии и акумулатори, формата и содржината на образецот за следење и пресметка како и методологијата за пресметка на годишните количини продадени батерии и акумулатори.

## Обврска за третман на производителот

## Член 19

(1) Производителот е должен да обезбеди третман и рециклирање на собраните отпадни батерии и акумулатори.
(2) Третманот на отпадните батерии и акумулатори најмалку треба да ги исполнува следните барања:
1) третманот на собраните отпадни батерии и акумулатори најмалку да опфаќа отстранување на сите течности и киселини и
2) третманот како и складирањето, вклучувајќи го и времeното складирање во инсталациите за третман може да се врши исклучиво на места со непропустливи површини и соодветна водотпорна покривка или во соодветни садови.
(3) Доколку батериите или акумулаторите се собираат заедно со отпадот од електрична и електронска опрема, отпадните батерии и акумулатори треба да се одвојуваат од собраниот отпад од електрична и електронска опрема.
(4) Рециклирањето на отпадните батерии и акумулатори треба да се направи на таков начин со кој ќе се постигне:
1) рециклирање на 65% од просечната тежина на оловно-киселинските батерии и акумулатори, вклучувајќи и рециклирање на содржината на олово до највисок технички можен степен, притоа одбегнувајќи прекумерни трошоци;
2) рециклирање на 75% од просечната тежина на никел-кадмиумски батерии и акумулатори, вклучувајќи и рециклирање на содржината на кадмиум до највисок технички можен степен, притоа одбегнувајќи прекумерни трошоци и
3) рециклирање на 50% од просечната тежина на другите батерии и акумулатори.
(5) Производителот е должен во рамки на годишниот извештај од член 12 од овој член, да известува за степенот на ефикасноста на рециклирањето од ставот (4) на овој член за секоја календарска година.
(6) Министерот кој раководи со органот за животна средина, ги пропишува посебните барања во однос на пресметување на ефикасноста на рециклирањето од ставот (4) на овој член.
(7) Во случај на извоз на отпадни батерии и акумулатори кои не можат да се преработат или рециклираат во Република Северна Македонија, производителот е должен да ги почитува прописите за извоз на опасен отпад.
(8) Во случаите од ставот (7) на овој член производителот е обврзан да докаже дека преработката и рециклирањето на отпадните батерии и акумулатори во друга држава е извршена на начин кој е во согласност со ставовите (2), (3), (4) и (5) на овој член со заверени обрасци за прекуграничниот промет со отпад согласно со прописите за увоз и извоз на отпад и за тоа да достави извозна царинска декларација.
(9) При изборот на инсталацијата во која ќе се врши третман, треба да се даде приоритет на инсталација која е вклучена во сертифицирани системи за управување со животната средина и ревизија.

## Обврска за финансирање за производителот

## Член 20

(1) Производителот на батерии и акумулатори што пушта на пазарот во Република Северна Македонија, должен е да обезбеди финансирање на трошоците за преземање на следните активности:
- повратен прием на отпадните батерии и акумулатори согласно членовите 17 и 26 од овој закон,
- одделно собирање, времено складирање на отпадни батерии и акумулатори,
- транспортот, преработката односно рециклирање и отстранување на остатокот од преработката на отпадните батерии и акумулатори,
- трошоците за комуникација со јавноста, вклучувајќи ги и трошоците поврзани со споделување на информации за крајните корисници,
- трошоците поврзани со финансиската гаранција,
- трошоците за инвестирање во инфраструктура за собирање на отпадни батерии и акумулатори,
- редовно преземање на отпадните батерии и акумулатори од трговецот и крајниот корисник согласно со членот 17 од овој закон и
- исполнување на други обврски што се утврдени за производителот во одредбите од овој закон.
(2) Трошоците од ставот (1) на овој член производителот на батерии и акумулатори не смее да ги прикажува одделно при продажбата на батерии и акумулатори.
(3) Исклучок од ставот (1) на овој член е малиот производител од членот 24 од овој закон кој е должен на посебна сметка на органот за животната средина да уплати паушален надоместок во износ од 6.000 денари на годишно ниво најдоцна до 15 февруари во тековната година.
(4) Првиот надоместок од ставот (3) од овој член, малиот производител го плаќа при регистрацијата од членот 11 од

овој закон.
(5) Трошоците за собирање, третман и рециклирање што ги сноси производителот од ставот (1) на овој член не смеат да се дуплираат во однос на истите трошоци што се прават при постапување со искористени возила и отпадна електронска и електрична опрема.

## Финансиска гаранција

## Член 21

(1) Производителот е должен да обезбеди финансиска гаранција за спроведување на обврските кои произлегуваат од овој закон, а кои се однесуваат на собирање, преработка и рециклирање на отпадните батерии и акумулатори.
(2) Финансиската гаранција се обезбедува за секоја календарска година, согласно со прописите за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад.

## Информации за крајните корисници

## Член 22

(1) Производителот е должен на соодветен начин да ги информира трговецот и крајниот корисник за битните својства на батериите и акумулаторите во поглед на опасните и штетните материи и супстанции кои тие ги содржат и за начинот на постапувањето со нив кога тие ќе станат отпад.
(2) Производителот е должен да организира кампањи за информирање на крајните корисници и подигање на јавната свест за:
- забраната за оставање на отпадните батерии и акумулатори како несортиран комунален отпад и обврската на крајниот корисник за одделно собирање на отпадни батерии и акумулатори,
- воспоставените системи за повратен прием, собирање и преработка на отпадни батерии и акумулатори кои им се на располагање,
- нивната улога и придонес за рециклирање и други начини на преработка на отпадните батерии и акумулатори,
- можните негативни влијанија и последици врз здравјето на луѓето и животната средина како резултат на присуството на опасни супстанции во отпадните батерии и акумулатори и
- значењето на симболот од член 13 од овој закон со кој се означени батериите и акумулаторите и симболите за хемиските елементи Hg, Cd и Pb.
(3) Информациите од ставот (1) на овој член се вклучуваат или приложуваат кон упатството за употреба на батериите и акумулаторите кога се испорачуваат на крајниот корисник.
(4) Информациите од ставот (1) на овој член треба да се достапни и на веб страницата на производителот, на печатените или онлајн рекламни материјали, билтени или на веб страниците за онлајн продажба кои ги користи производителот, на видлив и лесно достапен начин.

## Преземање на обврските на производителот

## Член 23

(1) Производителот е должен на свој трошок да обезбеди исполнување на обврските и целите на овој закон, преку враќање, собирање, преработка и рециклирање на отпадот од батерии и акумулатори кој е создаден од пуштањето на пазар на батерии и акумулатори во Република Северна Македонија.
(2) За исполнување на обврската од ставот (1) од овој член, производителот треба да воспостави или да се приклучи кон систем, кој ќе обезбеди:
- редовно преземање и собирање на отпадните батерии и акумулатори од крајниот корисник и од домаќинствата со цел да се обезбеди соодветно управување со истите во системот за управување со отпадни батерии и акумулатори и
- преработка вклучувајќи и рециклирање на батериите и акумулаторите и/или собраните отпадни батерии и акумулатори.
(3) Обврските од ставовите (1) и (2) на овој член, производителот ги остварува самостојно, со добивање на дозвола за самостоен постапувач согласно со прописите за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад или со склучување на договор со колективен постапувач со отпадни батерии и акумулатори за преземање на обврските за постапување со отпадни батерии и акумулатори, кој е основан и поседува дозвола согласно прописите за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад.

## Обврски за мал производител

## Член 24

(1) Мал производител е производителот кој на пазарот во Република Северна Македонија, годишно пушта или увезува батерии и акумулатори во количини исти или помали од:
- 0,5 кг преносни батерии,
- 0,5 кг батерии во форма на копче,
- 100 кг автомобилски акумулатори или
- едно парче индустриски батерии или акумулатор.
(2) Производителот од ставот (1) на овој член е должен да се регистрира во согласност со членот 11 од овој закон, како и да води евиденција и да доставува извештај согласно член 12 од овој закон.
(3) Производителот од ставот (1) од овој член до 15 јануари секоја година, поднесува барање до стручниот орган за добивање на решение за мал производител во кое се наведува и количеството на производи кои производителот има намера да ги пушти на пазарот во Република Северна Македонија во тековната година.
(4) Стручниот орган во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот (3) на овој член, утврдува дали производителот ги исполнува условите за мал производител за тековната година и му издава решение за мал производител.
(5) Стручниот орган во регистарот согласно прописите за проширена одговорност на производителот одделно води евиденција за производителите на батериите и акумулаторите за кои издал решение за мал производител.
(6) Малиот производител од ставот (1) на овој член, не е должен да обезбеди управување со отпадните батерии и акумулатори доколку количината на батериите и акумулаторите пуштени на пазарот во Република Северна Македонија или увезени не ги надминува количините на годишно ниво утврдени во ставот (1) на овој член, но е должен да го плати годишниот паушален надоместок од членот 20 став (3) од овој закон.

### Примена на барањата за увоз на користени батерии и акумулатори

### Член 25

(1) Доколку производителот увезува во Република Северна Македонија користени батерии и акумулатори како одделен производ или како дел од уред, за увозот на користените производи се применуваат одредбите од овој закон кои се однесуваат на увозот на нови производи.
(2) Производителот за увезените користени батерии и акумулатори во Република Северна Македонија доставува писмена гаранција дека ќе бидат во функција најмалку две години.

## IV. ОБВРСКИ НА ТРГОВЕЦОТ

### Обврски на трговецот за повратен прием на отпадни батерии и акумулатори

### Член 26

(1) За повратен прием на отпадни батерии и акумулатори трговецот ги има истите обврски како и производителот согласно членот 17 од овој закон.
(2) Трговецот кој има малопродажна продавница е должен да обезбеди простор или садови за собирање и чување на отпадни батерии и акумулатори без притоа за возврат од крајниот корисник да бара купување на батерии и акумулатори. Просторот предвиден за бесплатен повратен прием мора да биде лесно достапен до јавноста и истиот да биде означен со јасно видливи знаци за неговата местоположба.
(3) Трговецот нема обврска да поседува дозвола за управување со отпад за просториите за повратен прием или за местата за преземање на отпадни батерии и акумулатори.
(4) Трговецот е должен собраните отпадни батерии и акумулатори, без да ги модифицира, да ги предаде на собирач или инсталација/оператор за управување со отпад која поседува соодветна дозвола и кој претставува дел од самостоен или колективен постапувач. Предавањето задолжително се врши со транспортен и идентификационен формулар согласно прописите за управување со отпад.
(5) Трговецот за исполнување на обврските од ставовите (1) и (2) од овој член, склучува договор со колективен постапувач за времетраење од најмалку една календарска година, во кој се уредуваат меѓусебните права и обврски за предавање на отпадните батерии и акумулатори преземени или создадени во своите простории.
(6) Отпадните батерии и акумулатори кои биле преземени преку повратен прием или создадени од трговецот се пресметуваат во националните цели за собирање на отпадни батерии и акумулатори од членот 18 од овој закон.
(7) Обврската за повратен прием на трговецот не смее да се пренесува на друг субјект.
(8) Трговецот самостојно или во договор со производителот, може да преземе активности со кои ќе ги поттикне крајните корисници да ги враќаат отпадните батерии и акумулатори со цел зголемување на повратниот прием преку најразлични понуди за попусти при купување нови батерии и акумулатори или други производи или со други поттикнувачки мерки.

### Евиденција и известување како обврска на трговецот

### Член 27

(1) Трговецот е должен да води евиденција за количините на преземени отпадни батерии и акумулатори, на посебен образец согласно ставот ( 5) од овој член.
(2) Евиденцијата од ставот (1) на овој член, треба да биде достапна во просторијата на трговецот каде се врши трговијата и во секое време да биде достапна на надлежните органи од членот 40 од овој закон.
(3) Трговецот е одговорен за сеопфатноста и точноста на податоците во евиденцијата од ставот (1) на овој член.
(4) Трговецот, од производителот од кој ги набавува производите е должен да обезбеди потврда за исполнување на проширената одговорност за управување со батерии и акумулатори во согласност со прописите за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад, односно потврда дека производителот го платил надоместокот од член 35 од овој закон.
(5) Министерот кој раководи со органот за животна средина, ја пропишува формата и содржината на образецот за водење на евиденцијата од ставот (1) на овој член.

### Преземање на отпадни батерии и акумулатори

### Член 28

(1) Трговецот во договор со производителот, може да овозможи повратен прием на отпадни батерии и акумулатори на локации каде преземањето е овозможено од производителот.
(2) Приемот на отпадни батерии и акумулатори на начинот утврден во ставот (1) на овој член не влијае врз обврските на трговецот од членот 26 од овој закон.
(3) Како место за преземање на отпадните батерии и акумулатори согласно со ставот (1) на овој член се смета сад или садови за отпадни батерии и акумулатори, поставени на место определено за таа намена во покриен простор, кои имаат доволна големина за отпадните батерии и акумулатори да може да се чуваат уредно, а просторните услови да овозможуваат повратен прием на отпадните батерии и акумулатори без никакви ограничувања.
(4) Производителот е должен без надоместок да ги преземе отпадните батерии и акумулатори од трговецот, а трговецот не смее да бара надомест за преземање на отпадните батерии и акумулатори од производителот.

### Информирање на крајните корисници од страна на трговецот

### Член 29

(1) Трговецот, е должен да ги информира крајните корисници на батерии и акумулатори за:
- забраната за оставање на отпадни батерии и акумулатори како несортиран комунален отпад и обврската за одделно собирање на отпадните батерии и акумулатори,
- воспоставените системи за преземање на отпадните батерии и акумулатори и нивен третман и отстранување и
- можноста за предавање на отпадните батерии и акумулатори на продажните места на истите.

(2) Трговецот, информациите од ставот (1) на овој член треба да ги постави на неговата веб-страницата, на печатени или онлајн рекламни материјали, билтени или на веб страната за онлајн продажба што ја користи трговецот, на видлив и лесно достапен начин.
(3) Трговецот, обврската за информирање на крајните корисници не смее да ја пренесе на друг субјект.

## V. ОБВРСКИ НА ДРУГИТЕ ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ

### Услови за приклучување кон систем на колективен или самостоен постапувач

### Член 30

(1) Правните и физичките лица кои како резултат на вршење на нивната дејност поседуваат отпадни батерии и акумулатори, може да се приклучат кон системот на колективен или самостоен постапувач со отпадни батерии и акумулатори преку спроведување на мерки и активности кои се однесуваат на:
- обезбедување на простор и соодветни контејнери/садови за собирање на отпадни батерии и акумулатори и
- поставување на известувања и информации за крајните корисници согласно со членот 22 од овој закон.

(2) Субјектите од ставот (1) на овој член не се обврзани да поседуваат дозвола за управување со отпад согласно со прописите за управување со отпадот за активностите од ставот (1) од овој член.
(3) Субјектите од ставот (1) на овој член, се должни собраните отпадни батерии и акумулатори без да ги модифицираат, да ги предадат на собирач или инсталација/оператор за управување со отпадни батерии и акумулатори кој поседува соодветна дозвола и кој претставува дел од колективен или самостоен постапувач со отпадни батерии и акумулатори.

Предавањето на отпадните батерии и акумулатори се врши со транспортен и идентификационен формулар на начин пропишан согласно прописите за управување со отпад.
(4) Колективните постапувачи, односно самостојните постапувачи и субјектите од ставот (1) на овој член, меѓусебните права и обврски како и начинот на преземање и предавање на отпадните батерии и акумулатори ги уредуваат со склучување на договор за приклучување кон системот на самостоен или колективен постапувач со отпадни батерии и акумулатори, со заемна согласност.

### Обврски на економските оператори

### Член 31

(1) Економските оператори во своите деловни простории или во нивна непосредна близина се должни да постават соодветни садови за собирање на преносни отпадни батерии и акумулатори, односно индустриски или автомобилски батерии и акумулатори, кои се користат за вршење на својата деловна активност или истите се користат од клиенти чиишто батерии и акумулатори се отфрлаат.
(2) Големината и површината на садовите за собирање од ставот (1) на овој член, треба да биде сразмерна со просечната количина на батерии и акумулатори кои се продаваат на годишна основа во Република Северна Македонија.

### Обврска за крајните корисници

### Член 32

(1) Крајниот корисник е должен отпадните батерии и акумулатори да ги собира, чува и предаде на производителот, трговецот или овластениот собирач, кој е дел од колективен или самостоен постапувач, како одделно собрана фракција на комунален отпад или да ги предаде во собирен центар или собирно место определено за таа намена.
(2) Крајниот корисник пред да ги предаде отпадните батерии и акумулатори, должен е да ги собере или чува одвоено, за да не се мешаат со друг вид отпад, да не се ситнат или на друг начин уништуваат, или загадуваат со опасни или други супстанции, со што би се оневозможило нивното рециклирање.
(3) Крајниот корисник е должен отпадните автомобилски батерии и акумулатори кои ги создава да ги предаде на трговецот од кој ги набавил или на правни лица кои поседуваат соодветна дозвола за управување со отпад, согласно прописите за управување со отпадот.
(4) Крајниот корисник е должен отпадните индустриски батерии и акумулатори кои ги создава да ги предаде на производителот од кој ги набавил или на правни лица кои поседуваат соодветна дозвола за управување со отпад согласно прописите за управување со отпадот.
(5) Преносните отпадни батерии и акумулатори се отстрануваат и собираат одделно од другите видови на отпадни батерии и акумулатори во посебно означени садови за собирање.

### Обврски на градоначалникот

### Член 33

(1) Градоначалникот на општината, општината во градот Скопје и градот Скопје е должен:
- да го организира одделното собирање на отпадните батерии и акумулатори од домаќинствата,
- да организира собирање на отпадните батерии и акумулатори од страна на овластениот давател на услуги за собирање на комунален отпад, како одделна собрана фракција на комунален отпад,
- да определи и организира собирни пунктови за одделно собирање на отпадни батерии и акумулатори од домаќинствата, во собирни центри или други времено определени места за таа намена на целата територија на општината, општината во градот Скопје и Градот Скопје, каде крајните корисници ќе можат бесплатно да ги оставаат отпадните батерии и акумулатори од домаќинствата и
- да соработува со колективните и самостојните постапувачи за управување со отпадни батерии и акумулатори, согласно овој закон и прописите за проширената одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад.
(2) При определување на местата и локациите на собирните центри треба да се земе предвид бројот на жителите во населеното место, при што треба да се обезбеди најмалку по еден собирен центар на ниво на општина, односно најмалку по еден собирен центар за 30.000 жители.
(3) Собирните центри од ставот (2) на овој член ги вклучуваат и постојните места и локации за прием на одделно собрани фракции на комунален отпад, доколку овие места ги исполнуваат условите утврдени со овој или друг закон.
(4) Собраните отпадни батерии и акумулатори во собирните центри од ставот (2) на овој член се предаваат на колективен или самостоен постапувач за постапување со батерии и акумулатори бесплатно врз основа на склучен

договор со општината, општината во градот Скопје и градот Скопје односно организационата единица за регионално управување со отпад, преку Центарот за развој на соодветниот плански регион.
(5) Со договорот од ставот (4) на овој член се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорните страни, начинот на редовно преземање на отпадните батерии и акумулатори, начинот на информирање на јавноста за собирните центри и други локации за преземање на отпадните батерии и акумулатори, начинот на покривање на трошоците настанати од работењето, како и други прашања од заеднички интерес. Договорот се склучува за период од најмалку една календарска година.
(6) Собирните центри кои се наоѓаат во основните и средните училишта се исклучиво наменети за собирање на преносни батерии.

## База на податоци и информативен систем

## Член 34

Органот за животна средина е должен да воспостави и води електронска база на податоци за батерии и акумулатори кои се пуштаат на пазарот во Република Северна Македонија и за податоците за управување со отпадни батерии и акумулатори согласно прописите за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад.

## Надоместок за управување со отпадни батерии и акумулатори

## Член 35

(1) Производителот и производителот кој како краен корисник увезува во Република Северна Македонија батерии и акумулатори од кои при користење се создава отпадни батерии и акумулатори, е должен да плати надоместок за управување со отпадни батерии и акумулатори (во натамошниот текст: надоместок).
(2) Надоместокот од ставот (1) на овој член, изнесува:
- 450 денари/кг за преносни батерии,
- 2,25 денари/кг за оловни автомобилски и индустриски батерии и акумулатори и
- 25 денари/кг за други неоловни автомобилски и индустриски батерии и акумулатори.
(3) Надоместокот се пресметува врз основа на нето-тежината на батериите и на акумулаторите кои се пуштаат на пазарот, изразена во килограми, пресметано врз основа на тежината за секој вид на батерии и акумулатори кои се пуштаат на пазарот во Република Северна Македонија за тековната година и се изработува квартална пресметка на посебен образец, дури и кога производителот не пуштил производи на пазарот во текот на тој квартал.
(4) Обврската за пресметување на надоместокот за производителот од ставот (1) на овој член настанува во моментот кога батериите и акумулаторите за прв пат се пуштаат на пазарот во Република Северна Македонија.
(5) Обврската за пресметување на надоместокот за производителот кој како краен корисник увезува во Република Северна Македонија батерии и акумулатори од ставот (1) на овој член, настанува во моментот кога батериите и акумулаторите за прв пат се пуштаат на пазарот во Република Северна Македонија.
(6) Производителот и производителот кој како краен корисник увезува во Република Северна Македонија батерии и акумулатори од ставот (1) на овој член е должен да го плати утврдениот надоместок секој 15 ден од тековниот квартал на годината за сите пресметани надоместоци за претходниот квартал.
(7) Средствата од надоместокот од ставот (2) на овој член се приход на органот за животна средина и се уплатуваат на посебна уплатна сметка.
(8) Надоместокот не се плаќа доколку батериите и акумулаторите се извезуваат или уништуваат во тековната година, за што производителот треба да достави соодветен доказ.
(9) Во случајот од ставот (8) на овој член, производителот и производителот кој како краен корисник увезува во Република Северна Македонија батерии и акумулатори од ставот (1) на овој член е должен да обезбеди извозна електронска царинска декларација согласно прописите за царинско работење како доказ дека за количините на батерии и акумулатори за кои не е пресметан надоместок, истите се извезени надвор од Република Северна Македонија или да обезбеди документ од кој е видливо дека батериите и акумулаторите кои биле пуштени на пазарот во Република Северна Македонија не биле ставени во употреба, се повлечени од пазарот и се уништени.
(10) Во случаите кога за извоз или уништување на батериите и акумулаторите е платен надоместокот, производителот и производителот кој како краен корисник увезува во Република Северна Македонија батерии и акумулатори од ставот (1) на овој член, има право на поврат на платениот надоместок за извезената или уништената количина на батерии и акумулатори од ставот (9) од овој член во рок од пет години од плаќањето на надоместокот.
(11) За поврат на надоместокот од ставот (10) на овој член, производителот односно производителот кој како краен корисник увезува во Република Северна Македонија батерии и акумулатори од ставот (1) на овој член, до стручниот орган на посебен образец поднесува барање за поврат на надоместокот заедно со кварталната пресметка од ставот

(3) на овој член за наредниот квартал, во кој ќе се наведат причините за поврат на надоместокот.
(12) Поврат на надоместокот од ставот (10) од овој член се врши со решение на стручниот орган по испитување на доставената документација и проверка дали се исполнети условите за поврат на исплатениот надоместок согласно со ставот (11) на овој член.
(13) Решението на стручниот орган од ставот (12) на овој член се донесува во рок од 60 дена по приемот на барањето за поврат на надоместок од ставот (11) на овој член. (14) Против решението на стручниот орган од ставот (12) на овој член може да се поднесе жалба согласно со прописите за општа управна постапка.
(15) По правосилноста на решението на стручниот орган од ставот (12) на овој член, органот за животната средина врши поврат на надоместокот.
(16) Министерот кој раководи со органот за животна средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на финансиите, ја пропишува формата и содржината на образецот од ставот (3) на овој член, начинот и потребната документација за поврат на надоместокот, како и формата и содржината на образецот од ставот (11) на овој член.

---

*<< Се применува од 01.01.2022 >>*

### Пресметување, уплатување и водење на евиденција за пресметаниот и уплатениот надоместок

### Член 36

(1) Производителот и производителот кој како краен корисник увезува во Република Северна Македонија батерии и акумулатори (во натамошниот текст: обврзникот) е должен надоместокот од членот 35 став (2) од овој закон навремено и правилно да го пресметува и уплатува како и да води, одржува и чува уредна и точна евиденција за пресметаниот и уплатениот надоместок.
(2) Врз основа на евиденцијата од ставот (1) на овој член, обврзникот составува и на секои три месеци доставува до стручниот орган пресметка за уплатениот надоместок на посебен образец, дури и доколку производителот не пуштил на пазарот производи во текот на тој квартал.
(3) Стручниот орган, пресметките за уплатениот надоместок од ставот (2) на овој член ги проверува и доколку утврди несоодветно плаќање на надоместокот, со решение ја утврдува точната количини за кои треба да се плаќа надоместок.
(4) Против решението од ставот (3) на овој член, обврзникот може да изјави жалба согласно прописите за општа управна постапка.
(5) Министерот кој раководи со органот за животна средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на финансиите го пропишува начинот за водење, одржување и чување на евиденцијата од ставот (1) на овој член, како и формата и содржината на образецот од ставот (2) на овој член.

### Ослободување од плаќање на надоместокот

### Член 37

Од плаќање на надоместокот од членот 35 став (2) од овој закон се ослободени следниве субјекти:
1) производителот и производителот кој како краен корисник увезува во Република Северна Македонија батерии и акумулатори, доколку имаат склучено договор за преземање на обврски за постапување со отпадни батерии и акумулатори со колективен постапувач кој поседува дозвола согласно Законот за проширена одговорност на производителот за управувањето со посебните текови на отпад;
2) производителот и производителот кој како краен корисник увезува во Република Северна Македонија батерии и акумулатори, на кој му е издадена дозвола како самостоен постапувач со отпадни батерии и акумулатори согласно Законот за проширена одговорност на производителот за управувањето со посебните текови на отпад и
3) производителот определен како мал производител согласно со членот 24 од овој закон.

### Користење на надоместокот

### Член 38

Средствата собрани од надоместокот од членот 35 став (2) од овој закон се користат за финансирање и спроведување на мерки и активности за управување со отпад од планските и стратешките документи утврдени со прописите од областа на отпадот, а кои се насочени кон постигнување на целите на овој закон на начин и постапка пропишана согласно прописите за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад.

### Доброволно договарање

## Член 39

Организациите кои застапуваат посебни интереси на економските оператори и групите на економски оператори опфатени со овој закон, можат да пристапат кон склучување на доброволен договор со органот за животна средина или Владата на Република Северна Македонија преку кој ќе ги регулираат меѓусебните права и обврски за да се постигнат повисоки национални цели за собирање од член 18 од овој закон, како и повисок степен на рециклирање, преработка и обработка и за воведување на сертифицирани системи за управување со животната средина на начин како што е утврдено во прописите за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад.

# VI. НАДЗОР И НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ

## Надлежни органи

## Член 40

(1) Надзор над примената на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши органот за животна средина.

(2) Инспекцискиот надзор над примената на овој закон и на прописите донесени врз основа на овој закон го врши Државниот инспекторат за животна средина, преку државните инспектори за животна средина.

(3) Надзор над евиденцијата и известувањето согласно членот 12 од овој закон, врши стручниот орган.

(4) Инспекциски надзор над примената и спроведувањето на овој закон во поглед на обврските од овој закон од страна на трговците вршат овластените инспектори за животна средина на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

(5) Инспекциски надзор над примената и спроведувањето на овој закон во однос на означувањето на батериите и акумулаторите, пуштањето на пазар на батериите и акумулаторите согласно барањата на овој закон, како и во однос на известување на потрошувачите врши Државниот пазарен инспекторат.

(6) Инспекцискиот надзор над примената и спроведувањето на овој закон во однос на оставање или предавање на отпадни батерии и акумулатори како дел од комунален отпад, вршат комуналните инспектори на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

## Делокруг на надзор на државниот инспектор за животна средина

## Член 41

(1) Во вршењето на надзорот од својот делокруг, државниот инспектор за животна средина, врши увид и контрола:

1) дали се произведува и/или пушта на пазар батерии и акумулатори кои ги исполнуваат барањата утврдени со овој закон (член 7 став (1) од овој закон);

2) дали производителот е регистриран кај стручниот орган (член 11 од овој закон);

3) дали производителот кој не е регистриран во Република Северна Македонија и пушта производи на пазар преку комуникација од далечина (е-трговија) има назначен овластен застапник (член 11 став (2) од овој закон);

4) дали обврските за евиденција и годишни извештаи се исполнуваат согласно со членот 12 од овој закон;

5) дали батериите и акумулаторите се пуштаат на пазарот во Република Северна Македонија спротивно на барањата од членот 14 став (1) од овој закон;

6) дали производителот организира повратен прием на отпадните батерии и акумулатори (член 17 од овој закон);

7) дали се обезбедува реализација на националните цели за собирање (член 18 од овој закон);

8) дали производителот ги утврдува своите годишни цели за собирање во определениот рок (член 18 став (7) од овој закон);

9) дали производителот обезбедува третман и рециклирање на собраните отпадни батерии и акумулатори (член 19 од овој закон);

10) дали производителот обезбедува финансирање на трошоците за постапување со отпадни батерии и акумулатори (член 20 од овој закон);

11) дали малиот производител плаќа паушален надоместок (член 20 став (3) од овој закон);

12) дали се обезбедува финансиска гаранција за спроведување на обврските за собирање, преработка и рециклирање на отпадните батерии и акумулатори (член 21 од овој закон);

13) дали производителот обезбедува исполнување на обврските и целите на овој закон преку враќање, собирање, преработка и рециклирање на свој трошок (член 23 ставови (1) и (2) од овој закон);

14) дали производителот има склучен договор за преземање на обврските за постапување со отпадни батерии и акумулатори со колективен постапувач односно дали има воспоставен самостоен систем (член 23 став (3) од овој закон);

15) дали субјектот е регистриран како мал производител и дали води евиденција и доставува извештаи (член 24 став

(2) од овој закон);
16) дали субјектот доставува точни податоци при утврдување како мал производител (член 24 став (3) од овој закон);
17) дали производителот согласно овој закон е обврзан да плаќа надоместок за управување со отпадни батерии и акумулатори, и дали го плаќа надоместокот за управување со отпадни батерии и акумулатори (член 35 од овој закон) и
18) врши и други работи во негова надлежност утврдени во овој закон.
(2) На барање на државниот инспектор за животна средина во вршењето на инспекцискиот надзор може да учествува и надлежен државен службеник вработен во стручниот орган.
(3) Државниот инспектор за животна средина е должен да изврши инспекциски надзор, кога тоа ќе го побара стручниот орган без одлагање.

### Донесување на решенија на државниот инспектор за животна средина

### Член 42

(1) При вршењето на инспекцискиот надзор, државниот инспектор за животна средина со решение:
1) ќе ги задолжи производителите да ги повлечат од пазар батериите и акумулаторите кои не ги исполнуваат барањата утврдени со овој закон (член 7 став (1) од овој закон);
2) ќе ги задолжи производителите да се регистрираат (член 11 од овој закон);
3) ќе ги задолжи производителите да постапат согласно член 12 од овој закон;
4) ќе ги задолжи производителите батериите и акумулаторите да ги отстранат од продажба доколку не се согласно со член 14 став (1) од овој закон;
5) ќе ги задолжи производителите да ги преземаат бесплатно отпадните батерии и акумулатори од крајниот корисник и трговецот (член 17 од овој закон);
6) ќе ги задолжи производителите да обезбедуваат реализација на национални цели за собирање (член 18 од овој закон);
7) ќе ги задолжи производителите да ги утврдуваат годишните цели за собирање во определен рок (член 18 став (7) од овој закон);
8) ќе ги задолжи производителите да обезбедуваат третман и рециклирање на собраните отпадни батерии и акумулатори (член 19 од овој закон);
9) ќе ги задолжи производителите да обезбедуваат финансирање на трошоците за постапување со отпадни батерии и акумулатори (член 20 од овој закон);
10) ќе ги задолжи малите производители да уплаќаат паушален надоместок (член 20 став (3) од овој закон);
11) ќе ги задолжи производителите да обезбедуваат финансиска гаранција (член 21 од овој закон);
12) ќе ги задолжи производителите да обезбедуваат исполнување на обврските и целите на свој трошок преку враќање, собирање, преработка и рециклирање на отпадните батерии и акумулатори кој е создаден од пуштањето на пазар батерии и акумулатори (член 23 ставови (1) и (2) од овој закон);
13) ќе ги задолжи производителите да склучат договор за преземање на обврските за постапување со отпадни батерии и акумулатори со колективен постапувач, односно да воспостават самостоен систем согласно со членот 25 став (3) од овој закон доколку не уплатиле и немаат намера да плаќаат надоместокот за управување со отпадни батерии и акумулатори (член 23 став (3) од овој закон);
14) ќе ги задолжи малите производители да постапат согласно со членот 24 став (3) од овој закон и
15) ќе го задолжи производителот кој е обврзан да го плаќа надоместокот за управување со отпадни батерии и акумулатори од членот 35 од овој закон, да го пресметува и плаќа надоместокот во определен рок (член 35 од овој закон).
(2) Ако при вршењето на инспекцискиот надзор државниот инспектор за животна средина утврди дека субјектите на надзор не се придржуваат кон барањата од овој закон, со записник ќе ги констатира утврдените неправилности и во решение ќе ги определи соодветните мерки и активности кои треба да ги презема за надминување на настанатата ситуација како и ќе определи рок кој не може да биде подолг од 30 дена за да ги отстрани причините за настанатата состојба.
(3) При вршењето на инспекцискиот надзор, државниот инспектор за животна средина на субјектите на надзорот ќе им одреди привремена забрана за вршење на дејност која не може да биде подолг од 15 дена, за неправилностите утврдени од ставот (1) точки 1), 3), 7), 9), 10), 11) и 15) на овој член.
(4) Против решението на државниот инспектор за животна средина може да се изјави жалба согласно прописите за инспекциски надзор.
(5) Доколку субјектите од ставот (1) од овој член не постапат согласно со решението на државниот инспектор за животна средина и не ги отстранат причините за настанатата состојба утврдени со решението, државниот инспектор за животна средина ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежен прекршочен орган или надлежен суд.
(6) Во случај кога ќе се утврди постоење на непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето, инспекторот ќе

издаде усна наредба за итно и неодложно отстранување на утврдените неисправности и неправилности кои во записник ги констатира во соработка со Државниот санитарен и здравствен инспекторат, како и ќе ги извести и другите надлежни инспектори или други државни органи за утврдените неправилности и ќе побара нивна интервенција.
(7) Ако констатираните неисправности и неправилности од ставот (6) од овој член, претставуваат опасност за загрозување на животната средина, животот и здравјето на луѓето, инспекторот веднаш ќе ја забрани работата на инсталацијата, објектот, постројката, уредот, како и употреба на средствата и опремата за вршење на дејноста.
(8) Во случаите од ставот (6) од овој член, инспекторот донесува писмено решение во рок од 48 часа од издавањето на усната наредба.
(9) При вршењето на надзорот од ставот (1) од овој член државниот инспектор за животна средина има право за преземање и на други мерки утврдени со прописите за животната средина и прописите за инспекциски надзор.

## Делокруг на надзор на овластените инспектори за животна средина на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и комуналните инспектори на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје

### Член 43

(1) Во вршењето на надзорот од својот делокруг овластениот инспектор за животна средина на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, врши увид и контрола:
1) дали со отпадните батерии и акумулатори се постапува спротивно на член 10 од овој закон;
2) дали трговецот со отпадните батерии и акумулатори постапува согласно со членот 26 од овој закон;
3) дали трговецот води евиденција за количините на преземените отпадни батерии и акумулатори (член 27 од овој закон);
4) дали трговецот за батериите и акумулаторите што ги продава има обезбедено потврда од производителот за постапување со отпадните батерии и акумулатори (член 27 став (4) од овој закон);
5) дали отпадните батерии и акумулатори се преземаат во согласност со членот 28 став (4) од овој закон;
(2) Во вршењето на надзорот од својот делокруг комуналниот инспектор на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, врши увид и контрола:
1) дали отпадните батерии и акумулатори се оставаат или предаваат на места означени за собирање на комунален отпад како несортиран комунален отпад од домаќинства (член 8 од овој закон);
2) дали со отпадните батерии и акумулатори се постапува спротивно на членот 10 од овој закон и
3) дали крајниот корисник со отпадните батерии и акумулатори постапува во согласност со членот 32 од овој закон.

## Донесување на решенија од овластениот инспектор за животна средина на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и комуналните инспектори на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје

### Член 44

(1) При вршењето на инспекцискиот надзор, овластениот инспектор за животна средина на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје со решение:
1) ќе ги задолжи субјектите при постапувањето со отпадните батерии и акумулатори да ги исполнат барањата од член 10 од овој закон;
2) ќе ги задолжи трговецот со отпадните батерии и акумулатори да постапува согласно член 26 од овој закон;
3) ќе ги задолжи трговците да водат евиденција за количините на преземените отпадни батерии и акумулатори (член 27 од овој закон);
4) ќе ги задолжи трговците да побараат и да обезбедуваат потврда од производителот за постапување со отпадните батерии и акумулатори (член 27 став (4) од овој закон) и
5) ќе ги задолжи трговците и производителите преземањето на отпадните батерии и акумулатори да се направи согласно со начинот од членот 28 став (4) од овој закон.
(2) При вршењето на инспекцискиот надзор, комуналните инспектори на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје со решение:
1) ќе ги задолжи субјектите да ги собираат отпадните батерии и акумулатори кои се оставени или предадени како несортиран комунален отпад на местата означени за собирање на комунален отпад (член 8 од овој закон);
2) врши увид и контрола дали со отпадните батерии и акумулатори се постапува спротивно на член 10 од овој закон и
3) ќе ги задолжи крајните корисници со отпадните батерии и акумулатори да постапуваат во согласност со членот 32 од овој закон.
(3) Ако при вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторите од ставовите (1) и (2) на овој член утврдуваат дека субјектите на надзор не се придржуваат кон барањата од овој закон, со записник ќе ги констатира утврдените

неправилности и во решение ќе ги определи соодветните мерки и активности кои треба да ги презема за надминување на настанатата ситуација како и ќе определи рок кој не може да биде подолг од 30 дена за да ги отстрани причините за настанатата состојба.
(4) Против решението на надлежниот инспектор може да се изјави жалба согласно со прописите за инспекциски надзор.
(5) При вршењето на надзорот од ставот (1) од овој член инспекторите имаат право за преземање и на други мерки утврдени со прописите за животната средина и прописите за инспекциски надзор, односно прописите за комунални дејности во ситуациите од ставот (2) на овој член.

## Делокруг на надзор на стручниот орган

## Член 45

(1) При вршењето на надзор согласно членот 12 од овој закон, стручниот орган врши увид и контрола на податоците и документите кои се основа за водење на евиденцијата и подготовка на извештаите.
(2) При вршењето на надзорот над пресметаниот и уплатен надоместок од членот 35 од овој закон, стручниот орган врши увид и контрола:
1) дали производителот кој е обврзан да плаќа надоместок за управување со отпадни батерии и акумулатори, го пресметува и плаќа надоместокот во определениот рок, како и дали ги исполнува условите за поврат на платениот надоместок (член 35 од овој закон);
2) дали надоместокот за управување со отпадни батерии и акумулатори се пресметува и уплатува навремено и правилно и дали ја одржува и чува уредна и точна евиденцијата за пресметаниот и уплатениот надоместок (член 36 од овој закон);
3) дали производителите ги исполнуваат условите за ослободување од плаќањето на надоместок од член 37 од овој закон.
(3) За спроведениот надзор и контрола од ставовите (1) и (2) на овој член, службеното лице на стручниот орган составува записник кој го доставува до субјектот на надзорот.
(4) Ако при вршењето на надзорот, органот од ставовите (1) и (2) од овој член утврди дека субјектите на надзор не се придржуваат кон барањата од овој закон, со решение ќе ги определи соодветните мерки и активности кои треба да ги преземат за надминување на настанатата ситуација како и ќе определи рок кој не може да биде подолг од 30 дена за да ги отстранат причините за настанатата состојба.
(5) Против решението од ставот (4) од овој член може да се изјави жалба согласно прописите за општа управна постапка.
(6) Доколку субјектите од ставовите (1) и (2) на овој член, не постапат согласно со решението на стручниот орган и не ги отстранат причините за настанатата состојба утврдени со решението, стручниот орган ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот прекршочен орган.

## Делокруг на надзор на државниот пазарен инспектор

## Член 46

Во вршењето на надзорот од својот делокруг, државниот пазарен инспектор врши увид и контрола:
1) дали се произведуваат и/или пуштаат на пазар батерии и акумулатори кои имаат присуство на тешки метали (член 9 од овој закон);
2) дали батериите и акумулаторите кои се пуштат на пазар се означени согласно со членот 13 од овој закон;
3) дали уредите кои работат на батерии или акумулатори се дизајнирани согласно со членот 15 ставови (1) и (2) од овој закон;
4) дали се приложува упатство во кое се покажува начинот на безбедно отстранување на отпадните батерии и акумулатори и се постапува согласно со членот 15 став (3) од овој закон;
5) дали производителот ги информира крајните корисници и трговците (член 22 од овој закон);
6) дали трговецот ги информира крајните корисници (член 29 од овој закон);
7) дали собраните отпадни батерии и акумулатори се предаваат согласно со членот 30 став (3) на овој член и
8) дали економските оператори постапуваат согласно со членот 31 од овој закон.

## Донесување на решенија на државниот пазарен инспектор

## Член 47

(1) При вршење на инспекцискиот надзор, државниот пазарен инспектор со решение:
1) ќе ги задолжи производителите во рок не подолг од 30 дена да ги повлечат од пазар батериите и акумулаторите кои

не ги исполнуваат барањата од членот 9 од овој закон;
2) ќе ги задолжи производителите батериите и акумулатори како и батериските пакувања кои не се означени во согласност со членот 13 од овој закон да ги повлечат од пазар во рок не подолг од 30 дена;
3) ќе ги задолжи производителите уредите кои работат на батерии или акумулатори да ги дизајнираат согласно со членот 15 ставови (1) и (2) од овој закон;
4) ќе ги задолжи производителите да приложат упатство во кое се покажува начинот на безбедно отстранување на отпадните батерии и акумулатори согласно со членот 15 став (3) од овој закон;
5) ќе ги задолжи производителите да ги информираат крајните корисници и трговци на начин утврден во членот 22 од овој закон;
6) ќе ги задолжи трговците да ги информираат крајните корисници на начин утврден во членот 29 од овој закон;
7) ќе ги задолжи субјектите на надзор со собраните отпадни батерии и акумулатори да постапат согласно со членот 30 став (3) од овој закон и
8) ќе ги задолжи економските оператори да постапуваат согласно со членот 31 од овој закон.
(2) Ако при вршењето на инспекцискиот надзор државниот пазарен инспектор утврди дека субјектите на надзор не се придржуваат кон барањата од овој закон, со записник ќе ги констатира утврдените неправилности и во решение ќе ги определи соодветните мерки и активности кои треба да ги презема за надминување на настанатата ситуација како и ќе определи рок кој не може да биде подолг од 30 дена за да ги отстрани причините за настанатата состојба.
(3) При вршењето на инспекцискиот надзор, државниот пазарен инспектор на субјектите на надзорот ќе им одреди привремена забрана за вршење на дејност која не може да биде подолга од 15 дена, за неправилностите утврдени од ставот (1) точките 1), 2) и 3) на овој член.
(4) Против решението на државниот пазарен инспектор може да се изјави жалба согласно со прописите за инспекциски надзор.
(5) При вршењето на надзорот од ставот (1) на овој член државниот пазарен инспектор има право за преземање и на други мерки утврдени со прописите за државен пазарен инспекторат и прописите за инспекциски надзор.

**Опомена**

**Член 48**

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор државниот инспектор за животна средина односно државниот пазарен инспектор утврди дека е сторена неправилност од членот 50 став (1) точки 6), 12) и 13) и член 51 став (1) точка 16) на овој закон за прв пат, со записник ќе ги констатира утврдените неправилности и со решение ќе изрече опомена и ќе определи рок во кој субјектот на инспекциски надзор е должен да ги отстрани неправилностите утврдени со записник.
(2) Државниот инспекторат за животна средина води единствена евиденција за изречените опомени од ставот (1) на овој член од негова надлежност.
(3) Државниот пазарен инспекторат води единствена евиденција за изречените опомени од ставот (1) на овој член од негова надлежност.
(4) Формата и содржината на евиденцијата на изречените опомени од ставот (2) на овој член ја утврдува министерот кој раководи со органот за животната средина.
(5) Формата и содржината на евиденцијата на изречените опомени од ставот (3) на овој член ја утврдува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на економијата и трудот.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 11.01.2025 >>*

**Примена на одредби од други закони во инспекцискиот надзор**

**Член 49**

Во постапката при вршење на инспекциски надзор која се спроведува во согласност со овој закон, соодветно се применуваат одредбите на прописите за инспекциски надзор, прописите за животна средина, прописите за управување со отпад и прописите за проширена одговорност на производителот за управување со посебни текови на отпад, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

**VII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ**

**Прекршочни санкции од прва категорија**

**Член 50**

(1) Глоба во износ од 9.000 до 10.000 евра во денарска противвредност за микро трговци, од 18.000 до 20.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 53.000 до 59.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 89.000 до 98.000 евра во денарска противвредност за големи трговци ќе му се изрече за прекршок на правно лице, доколку:
1) отпадните батерии и акумулатори ги оставаат или предаваат на места означени за собирање на комунален отпад како несортиран комунален отпад од домаќинствата (член 8 од овој закон);
2) уредите кои работат на батерии или акумулатори не се дизајнирани согласно член 15 ставови (1) и (2) од овој закон;
3) не приложува упатство во кое се покажува начинот на безбедно отстранување на отпадните батерии и акумулатори и не постапува согласно член 15 став (3) од овој закон;
4) не обезбедува повратен прием на отпадните батерии и акумулатори (член 17 од овој закон);
5) не уплаќа паушален надоместок за мал производител (член 20 став (3) од овој закон);
6) не ги информира на соодветен начин трговците и крајните корисници (член 22 од овој закон);
7) не организира повратен прием на отпадни батерии и акумулатори (член 26 од овој закон);
8) не води евиденција за количините на преземени отпадни батерии и акумулатори според вид и категорија и не ја прави достапна на надлежните инспекциски органи во секое време (член 27 од овој закон);
9) увезува и претставува неточни податоци во евиденцијата за количините на преземени отпадни батерии и акумулатори (член 27 став (3) од овој закон);
10) не обезбеди потврда од производителот дека е дел од колективен систем за управување со батерии и акумулатори или дел од самостоен систем, односно потврда дека производителот го платил надоместокот (член 27 став (4) од овој закон);
11) преземањето на отпадните батерии и акумулатори се врши спротивно на член 28 став (4) од овој закон;
12) крајните корисници не ги информира на соодветен начин за забраната за оставање на отпадни батерии и акумулатори како несортиран комунален отпад, за воспоставените системи за преземање и нивен третман и отстранување и за можноста за предавање на отпадните батерии и акумулатори на продажни места (член 29 од овој закон);
13) обврската за информирање на крајните корисници го пренесува на друг субјект (член 29 став (3) од овој закон);
14) не ги предава собраните отпадни батерии и акумулатори на начин утврден во член 30 став (3) од овој закон;
15) не воспоставува соодветни садови за собирање на преносни отпадни батерии и акумулатори односно индустриски или автомобилски батерии и акумулатори (член 31 став (1) од овој закон);
16) отпадните батерии и акумулатори не ги собира, складира и предава во согласност со член 32 од овој закон и
17) не доставува до стручниот орган во определен рок пресметка за уплатениот надоместок на посебен образец (член 36 став (2) од овој закон).
(2) На одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) од овој член ќе му се изрече глоба во износ до 500 евра во денарска противвредност за микро трговец, од 1.000 евра во денарска противвредност за мал трговец, од 3.000 евра во денарска противвредност за среден трговец и од 5.000 евра во денарска противвредност за голем трговец.
(3) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.
(4) На сторителот на прекршокот од ставот (1) на овој член, прекршочниот орган, може да му изрече прекршочна санкција забрана за вршење на дејноста.
(5) На одговорното лице од ставот (2) на овој член, прекршочниот орган може да му изрече прекршочна санкција забрана за вршење на должноста.
(6) Надлежен прекршочен орган за изрекување на прекршочните санкции од ставовите (1) и (2) на овој член е надлежниот суд, а надлежен прекршочен орган за изрекување на прекршочните санкции од ставот (3) на овој член е прекршочниот орган формиран согласно Законот за животна средина.

## Прекршочни санкции од втора категорија

## Член 51

(1) Глоба во износ од 13.000 до 14.000 евра во денарска противвредност за микро трговци, од 25.000 до 28.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 76.000 до 84.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 126.000 до 140.000 евра во денарска противвредност за големи трговци ќе му се изрече за прекршок на правно лице, доколку:
1) произведува и/или пушта на пазар батерии и акумулатори кои не ги исполнуваат барањата од овој закон (член 7 став (1) од овој закон);
2) отстранува батериите и акумулаторите преку депонирање и гори отпадни индустриски и автомобилски батерии и акумулатори спротивно член 10 од овој закон;
3) не води евиденција во пишана и електронска форма по категории во килограми за количеството на батерии и

акумулатори пуштени на пазарот и не ги чува податоците на евиденцијата до определениот рок (член 12 ставови (1) и (6) од овој закон);
4) не доставува годишен извештај до стручниот орган во определен рок за видот и количината на батерии и акумулатори што ги пуштил на пазар (член 12 став (2) од овој закон);
5) не изготви производствена спецификација со информации за тежината на батеријата и акумулаторот (член 12 став (3) од овој закон);
6) не води месечна и годишна евиденција врз основа на производствената спецификација за вкупното количество на батерии и акумулатори кои ги пуштил на пазар (член 12 став (4) од овој закон);
7) не води евиденција за количините на отпадни батерии и акумулатори кој е примен назад, според категорија, во дадена година и за доказот на предадените отпадни батерии и акумулатори на собирачи или рециклатори (член 12 став (5) од овој закон);
8) батериите и акумулатори, како и батериските пакувања кои ги пушта на пазарот, не ги означувава согласно член 13 од овој закон;
9) батериите и акумулаторите се произведуваат и пуштат на пазар спротивно на член 14 став (1) од овој закон;
10) не ги утврдува годишните цели за собирање според категорија на отпад во килограми за тековната година во определен рок согласно член 18 став (7) од овој закон;
11) не обезбедува третман и рециклирање според категорија на производи (член 19 од овој закон);
12) не обезбедува финансирање на трошоците за постапување со отпадни батерии и акумулатори (член 20 од овој закон);
13) не обезбедува финансиска гаранција за спроведување на обврските за собирање, преработка и рециклирање на отпадните батерии и акумулатори (член 21 од овој закон);
14) не обезбедуваат исполнување на обврските и целите на овој закон преку враќање, собирање, преработка и рециклирање на свој трошок (член 23 ставови (1) и (2) од овој закон);
15) не склучил договор за преземање на обврски за постапување со отпадни батерии и акумулатори или не е дел од самостоен систем за постапување со отпад од пакување (член 23 став (3) од овој закон);
16) не се регистрира како мал производител, не води евиденција и не доставува извештаи (член 24 став (2) од овој закон);
17) намерно доставува неточни податоци при утврдување како мал производител (член 24 став (3) од овој закон);
18) намерно прикажува неточни податоци заради ослободување од плаќање на надоместокот од член 37 од овој закон или поврат на платениот надоместок за отпадни батерии и акумулатори од член 35 став (10) и (11) од овој закон и
19) надоместокот за управување со батерии и акумулатори не го пресметува и уплатува навремено и правилно и не ја води, одржува и чува уредна и точна евиденција за пресметаниот и уплатениот надоместок (член 36 став (1) од овој закон).
(2) На одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) од овој член ќе му се изрече глоба во износ до 700 евра во денарска противвредност за микро трговец, од 1.500 евра во денарска противвредност за мал трговец, од 4.000 евра во денарска противвредност за среден трговец и од 7.000 евра во денарска противвредност за голем трговец.
(3) Глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.
(4) На сторителот на прекршокот од ставот (1) на овој член, прекршочниот орган може да му изрече прекршочна санкција забрана за вршење на дејноста.
(5) На одговорното лице од ставот (2) од овој член, прекршочниот орган може да му изрече прекршочна санкција забрана за вршење на должноста.
(6) Надлежен прекршочен орган за изрекување на прекршочните санкции од овој член е надлежниот суд.

## Прекршочни санкции од трета категорија

## Член 52

(1) Глоба во износ 18.000 од 20.000 евра во денарска противвредност за микро трговци, од 36.000 до 40.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 110.000 до 120.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 180.000 до 200.000 евра во денарска противвредност за големи трговци ќе му се изрече за прекршок на правно лице, доколку:
1) произведува и/или пушта на пазар батерии и акумулатори кои содржат тешки метали (член 9 од овој закон);
2) не обезбедува реализација на националните цели за собирање (член 18 став (1) од овој закон) и
3) не плаќа надоместок за управување со отпадни батерии и акумулатори во определен рок (член 35 ставови (1) и (6) од овој закон).
(4) На сторителот на прекршокот од ставот (1) на овој член, прекршочен орган може да му се изрече прекршочна санкција забрана за вршење на дејноста.

(5) На одговорното лице од ставот (2) од овој член, прекршочен орган може да му изрече прекршочна санкција забрана за вршење на должноста.
(6) Надлежен прекршочен орган за изрекување на прекршочните санкции од овој член е надлежниот суд.

## Постапка за порамнување и спогодување

### Член 53

(1) За прекршоците утврдени во член 50 од овој закон, надлежните инспектори овластени со овој закон се должни на сторителот на прекршокот да му предложат постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог пред да поднесат барање за прекршочна постапка.
(2) За прекршоците утврдени во членовите 51 и 52 од овој закон, надлежните инспектори овластени со овој закон се должни на сторителот на прекршокот да му предложат постапка за спогодување пред да поднесат барање за поведување на прекршочна постапка.
(3) Постапката на спогодување од ставот (2) на овој член се води согласно со Законот за животната средина и Законот за прекршоците.
(4) Министерот кој раководи со органот за животна средина ја пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

## Водење на прекршочната постапка

### Член 54

Прекршочната постапка се води согласно со Законот за прекршоците и Законот за животната средина.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

## Рокови за спроведување

### Член 55

(1) Батериите и акумулаторите кои не ги исполнуваат барањата од членот 9 од овој закон, а кои биле пуштени на пазарот во Република Северна Македонија пред влегувањето во сила на овој закон, можат да се продаваат до завршувањето на залихата.
(2) Производителите кои за прв пат пуштаат на пазарот или увезуваат како крајни корисници батерии и акумулатори во Република Северна Македонија, се должни да се регистрираат согласно со членот 11 од овој закон најдоцна до 31 март 2022 година.
(3) Производителот евиденцијата од членот 12 став (1) од овој закон е должен да започне да ја води од 1 јануари 2022 година.
(4) Првиот годишен извештај за видот и количината на батерии и акумулатори што ги пуштил на пазарот во Република Северна Македонија од членот 12 став (2) од овој закон, производителот е должен да го достави најдоцна до 31 март 2023 година за 2022 година.
(5) При пресметување на третманот на отпад на батерии и акумулатори од членот 19 став (2) од овој закон, нема да бидат земени предвид количините на отпадни батерии и акумулатори кои повторно се употребувале како цел уред, пред 31 декември 2020 година.

## Донесување на подзаконски прописи

### Член 56

(1) Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.
(2) До денот на влегувањето во сила на подзаконските прописи од ставот (1) на овој член ќе се применуваат постојните подзаконски прописи.

### Член 57

Одложена примена Одредбите од членот 35 од овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2022 година.

## Престанување на важење

### Член 58

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори ("Службен весник на Република Македонија" број 140/10, 47/11, 148/11, 39/12, 163/13 , 146/15 и 39/16).

**Влегување во сила**

**Член 59**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".

## ОДРЕДБИ

*поврзани со*

**ЗАКОН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО БАТЕРИИ И АКУМУЛАТОРИ И ОТПАДНИ БАТЕРИИ И АКУМУЛАТОРИ (*)**

**ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ**

во консолидираниот текст

Автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО БАТЕРИИ И АКУМУЛАТОРИ И ОТПАДНИ БАТЕРИИ И АКУМУЛАТОРИ**

**Сл.В. 3/2025**

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".